**Предмет:** *Статистичка анализа на анкета за проект „Започни Сопствен Бизнис“*

На 2 и 3 јуни 2022 беше спроведена анкета помеѓу учениците од трета година од трите средни училишта во Кавадарци, како дел од проектот „Започни сопствен бизнис“, поддржан од Општина Кавадарци. По случаен избор беа избрани неколку класа, кои после анкетата учествуваа во предавање/обука за бизнис и претприемништво.

Анкетата беше спроведена на начин што на учесниците им беа поделени прашалници и им беа дадени кратки инструкции за пополнувањето. Вкупно анкетата ја пополниле 151 лице (N = 151). Подоцна податоците од прашалниците беа внесени во SPSS и беше направена дескриптивна анализа на податоците од анкетата.

**Д1) Училиште**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Гимназија „Добри Даскалов“ - Кавадарци | 34 | 22,5% |
| ЗШУЦ „Ѓорче Петров“ Кавадарци | 32 | 21,2% |
| ЕМУЦ „Киро Спанџов-Брко“ Кавадарци | 85 | 56,3% |
| **Вкупно** | **151** | **100%** |




## Д2) Пол

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Машки | 93 | 61,6% |
| Женски | 58 | 38,4% |
| **Вкупно** | **151** | **100%** |



## Прашање од 1 до 4

| | Вкупно релевантни одговори | Просек | Медијана | Mode (најчест одговор) | Ст. девијација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) На скала од 1-10, каде 1 е најмалку, а 10 најмногу, колку сметате дека имате познавање од бизнис и претприемништво? | 149 | 6,05 | 6 | 6 | 2,105 |
| 2) На скала од 1-10, каде 1 е најмалку, а 10 најмногу, колку сметате дека имате познавање од процедурите за отворање на фирма во Македонија? | 148 | 4,61 | 5 | 5 | 2,352 |
| 3) На скала од 1-10, каде 1 е најмалку, а 10 најмногу, колку сметате дека имате познавање од продажба и продажни вештини? | 149 | 6,38 | 7 | 5[1] | 2,136 |
| 4) На скала од 1-10, каде 1 е најмалку, а 10 најмногу, колку сметате дека имате познавање од маркетинг (вклучувајќи и онлајн и офлајн маркетинг)? | 147 | 6,33 | 6 | 7 | 2,221 |

## 5) Дали во вашето училиште изучувате посебни предмети за претприемништво и водење бизнис?

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 73 | 48,7% |
| Не | 49 | 32,7% |
| Не знам/Немам одговор | 28 | 18,7% |
| **Вкупно** | **150** | **100%** |

[1] Постојат повеќе најчести одговори. Прикажана е најмалата вредност.

**6) Дали во вашето училиште изучувате предмети кои имаат дел кој се однесува на претприемништво и водење бизнис?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 84 | 55,6% |
| Не | 40 | 26,8% |
| Не знам/Немам одговор | 24 | 16,1% |
| **Вкупно** | **149** | **100%** |

**7) Ве молиме одберете со кое од следниве тврдења најмногу се согласувате? (одберете само 1 одговор)**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Образованието за бизнис и претприемништво во рамките на моето училиште е **целосно доволно** да ме подготви да започнам сопствен бизнис; | 29 | 19,9% |
| Образованието за бизнис и претприемништво во рамките на моето училиште е **донекаде доволно** да ме подготви да започнам сопствен бизнис; | 71 | 48,6% |
| Образованието за бизнис и претприемништво во рамките на моето училиште е **малку доволно** да ме подготви да започнам сопствен бизнис; | 32 | 21,9% |
| Образованието за бизнис и претприемништво во рамките на моето училиште **воопшто не е доволно** да ме подготви да започнам сопствен бизнис; | 14 | 9,6% |
| **Вкупно** | **146** | **100%** |

**8) Ве молиме одберете до кој степен се согласувате со следниве изјави:**

**8а) Образованието за бизнис и претприемништво треба да биде висок приоритет во средното образование.**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 72 | 48,6% |
| Делумно се согласувам | 64 | 43,2% |
| Ниту се согласувам, ниту не се согласувам | 10 | 6,8% |

| | | |
|---|---|---|
| Делумно не се согласувам | 2 | 1,4% |
| Целосно не се согласувам | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **148** | **100%** |

**8б) Образованието за бизнис и претприемништво треба да се изучува како посебен предмет во средните училишта.**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 82 | 55,4% |
| Делумно се согласувам | 55 | 37,2% |
| Ниту се согласувам, ниту не се согласувам | 8 | 5,4% |
| Делумно не се согласувам | 3 | 2% |
| Целосно не се согласувам | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **148** | **100%** |

**8в) Образованието за бизнис и претприемништво треба да биде пред се практично со тоа што учениците ќе имаат можност да симулираат водење сопствен бизнис и развој на бизнис идеја.**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 98 | 66,7% |
| Делумно се согласувам | 37 | 25,2% |
| Ниту се согласувам, ниту не се согласувам | 10 | 6,8% |
| Делумно не се согласувам | 2 | 1,4% |
| Целосно не се согласувам | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **148** | **100%** |

**9) Дали вие лично некогаш во иднина би сакале да започнете сопствен бизнис?**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 118 | 79,7% |
| Не | 1 | 0,7% |
| Се уште не сум размислувал/а за тоа | 29 | 19,6% |
| **Вкупно** | **148** | **100%** |




## 10) Доколку да, дали имате конкретна бизнис идеја?

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Да | 53 | 36,1% |
| Не | 23 | 15,6% |
| Се уште не сум размислувал/а за тоа | 71 | 48,3% |
| **Вкупно** | **147** | **100%** |



**Заклучоци:**

Од резултатите од анкетата може да заклучиме неколку работи и поенти:

- Средношколците од Кавадарци имаат релативно висока себе-перцепција за нивните познавања од бизнис, маркетинг и продажба (со просек над 6 на скала од 1-10), а малку послаби познавања од процедурите за отворање на фирма во Македонија (просек 4,61 на скала од 1-10). Ова покажува дека самата обука, која имаше дел и за конкретните процедури за започнување бизнис и отворање фирма, била доста релевантна за учесниците.

- Кумулативно 70% од испитаниците одговориле дека образованието за бизнис и претприемништво во рамките на нивното училиште е доволно да ги подготви да започнат сопствен бизнис, а кумулативно 30% одговориле дека не е доволно.

- Огромен процент од испитаниците (над 90% во сите три случаи) се согласуваат со тврдењата дека образованието за бизнис и претприемништво треба да има висок приоритет во средното образование, треба да има посебни предмети за бизнис и претприемништво и истото треба да биде пред се практично (со симулации и развој на конкретни бизнис идеи).

- Најважниот и донекаде изненадувачки заклучок е тоа што 80% од испитаниците одговориле дека лично во иднина би сакале да започнат сопствен бизнис. Ако претпоставиме дека примерокот (кој ги опфаќа сите 3 средни училишта од Кавадарци) е релативно репрезентативен за средношколската популација од Кавадарци, тогаш ова е доста интересен наод и го потврдува фактот дека младите од Кавадарци се доста претприемачки настроени. Сепак, во интерес на научната строгост и веродостојност, мора да кажеме дека испитаниците од сите 3 средни училишта беа исклучиво од трета година и примерокот беше делумно случаен.

- За крај, не помалку важен наод од анкетата, е тоа дека скоро половина од испитаниците немаат размислувано за конкретна бизнис идеја (нешто на што може да се работи во иднина со помош на општината и цивилното општество). Малку повеќе од една третина или 36%, одговориле дека имаат конкретна бизнис идеја.